**Предмет: Предлог за поставување точки за разгледување и одлучување на редовното годишно Собрание на акционери на Стопанска банка АД Скопје во 2023 година скопје, 31.оз.2023**

3. **Одлука за укинување на првенствено право на приоритетните акции издадени од Стопанска банка АД — Скопје и конверзија на приоритетните во обични акции во соодност на номиналните вредности на акциите односно да се конвертира една приоритетна акција во две обични акции**

Причина за предлагање на оваа Одлука на годишната седница на Собранието на Банката е што гарантираната „фиксна„ дивиденда на приоритетните ащии не е исплатувана во фиксен туку како варијабилен износ што опаѓал во изминатите години во континуитет од издавањето на ащиите до денес и не исплатувала дел од добивката за приоритетните акции како што е утврдено со одлуките за емисија на ащиите. Ова довело до драматично губење на вредноста на приоритетните акции од аспект на минимален принос од инвестираните пари и значителен пад на цената на приоритетните акции со која и нема тргување на берзата како што е илустрирано во рамки на т.2 на стр. бр. 3, со што значително е обезвреднета вредноста на инвестицијата на имателите на приоритетни акции во Банката. Со конвертирањето на приоритетните акции во обични, Банката Ке ја препознае и Ке ја исправи неправдата предизвикана на имателите на приоритетни акции и штетата што тие ја трпат. За соодносот на конверзија разговарано е на средби со претставници на НБ и КХВ, и нивен став е дека конверзијата може да се направи истучиво без притоа да се промени основната главнина на Банката.

Имателите на приоритетни акции уплатиле ВЛОГ во Стопанска банка како што тоа го направиле и имателите на обични акции и со кои средства Банката работела и остварувала приходи од основањето до сега. На приоритетните акции во замена за откажување од правото на глас, Банката во одлуките за емисија на акциите им одредила право на гарантирана дивиденда, право на приоритет при исплатата на оваа дивиденда и при ликвидација на друштвото, право на кумулативна исплата на неисплатените гарантирани дивиденди од претходни години и право на учество во распределбата на добивката. Но, Банката исплаќала варијабилна дивиденда која постојано се намалува наместо фиксна гарантирана дивиденда и не им исплаќала дел од добивката на овие акции со што директно влијаеше на руинирање на вредноста и цената на приоритетните акции. Со ниеден законски акт не е дозволено обичните акции, (1)) затоа што имаат право на глас, да донесуваат одлуки спротивни на битието на секое трговско друштво (чл. 19 и со кои не ги исполнуваат обврските кон имателите на приоритетни акции (спротивно на членовите 5, 10 (1) и 11 (1) од 300 и на чл. 5 од ЗХВ) [1] и со тоа директно да им нанесуваат штета. Таквото постапување е спротивно на етичкото однесување и на доброто корпоративно управување за кое одговорноста ја има НО.

Цел на вклучување на Одлуката на дневен ред на годишната седница на Собранието на Банката е НО да постапи во согласност со точка 40. - Управниот одбор обезбедува ефективен механизам за идентификација на основните заинтересирани страни на Банката и за разбирање на нивните интереси во врска со прашања од материјална важност за нив,

Со почит,

Координативно тело за преземање активности за остварување на правата од приоритетните акции на Стопанска банка АД Скопје
Претседател Влатко Ташковски

---

[1] Член 5 од 300 (Начело на совесност и чесност): Во засновувањето на облигационите односи и остварувањето на правата и обврските од тие односи учесниците се должни да се придржуваат кон начелото на совесност и чесност.

Член 10 од 300 (Должност за исполнување на обврски): (1) Учесниците во облигациониот однос се должни да ја извршат својата обврска и се одговорни за нејзиното исполнување.

Член 11 од 300 (Однесување во извршувањето на обврските и во остварувањето на правата): (1) Учесникот во облигациониот однос е пппмеч ап изаппшяаңатп на саоіаТа обапска ла со анимание кое во поавниот поомет се баоа во соопветниот вид облигациони